**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-418/2**
**15.03.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Седма седница на Советот на**
**Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 15.03.2018 година (четврток), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 16.00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Кристи Стојковски
13. Дијана Јосифовски
14. Билјана Ѓеоргиевска

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 7. седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записник од 5.седница**

**-Усвојување на Записник од 6.седница**

1.Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;

2.Годишен извештај на Општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Анка Христова-раководител на Одделението за финансирање и буџет.

3.Годишен план за вработување на општина Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.

Образлагач:Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за човечки ресурси.

4.Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година со заклучок за усвојување;

5.Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден„-Делчево.

6.Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување.

Образлагач: Љупчо Прачкоски-ВД Директор на СОУ „М..Брицо"-Делчево.

7.Извештај за работата на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

8.Завршна сметка на ЈПКД „Брегалница" за 2017 година со Заклучок за усвојување;

9.Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Горан Велков-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

10.Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

11.Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

12.Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

Образлагач: Билјана Симовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

13.Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017 година со заклучок за усвојување.

Образлагач: Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

14.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина до 500,00 м1

15.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина до 500,32 м1;

16. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот на Советот рече дека за денешната седница има една дополнителна точка и тоа:Предлог-Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион која ќе ја образложи градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Тој предложи оваа точка да биде прва, а 9 и 13 точка (Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке" и Завршна сметка на ООУ „С.Климент Охридски") да бидат 8 и 9 точка бидејќи образлагачот на 7 точка-Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо", Сања Димитровска е образлагач и на 9 и 13 точка (Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке" и Завршна сметка на ООУ „С.Климент Охридски").

Според тоа за 7.седница на Советот на Општина Делчево беше предложен следниот

**Дневен ред**

**Усвојување на Записник од 5.седница**
**-Усвојување на Записник од 6.седница**

1.Предлог-Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион;

**Образлагач**: Градоначалник на Општина Делчево, Горан Трајковски.

2.Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;

3.Годишен извештај на Општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Анка Христова-раководител на Одделението за финансирање и буџет.

4.Годишен план за вработување на општина Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**:Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за човечки ресурси;

5.Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година со заклучок за усвојување;

6.Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден„-Делчево.

7.Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување.

8.Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

9.Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017 година со заклучок за усвојување.

**Образлагач**: По точките 7,8 и 9-Сања Димитровска-Книговодител на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

10.Извештај за работата на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Розета Цонева-ВД Директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

11.Завршна сметка на ЈПКД „Брегалница" за 2017 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Марија Сумрачка-Книговодител на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

12.Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Маре Бошначка-Книговодител на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

13.Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

14.Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;

**Образлагач**: Билјана Симовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

15.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина до 500,00 м1

16.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина до 500,32 м1;

**Образлагач**: Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам.

17. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневнит ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Дневниот ред за 7.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 5.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 5.седница на Советот на Општина Делчево.

Беше отворена расправа по Записникот од 6.седница.

За збор се јави Славица Димитрова која рече дека има забелешка на Записникот од 6.седница во смисла дека на страница 2 не е внесен дел од нејзината дискусија. Имено таа прашала: Дали ЈПКД „Брегалница" ќе зема кредит за целата сума за долгот кон УЈП или има сопствени средства на сметката?"

Бидејќи никој друг не се јави за збор расправата по Записникот од 6.седница беше затворена, а Записникот со забелешката од Славица Димитрова беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 6.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион;**

Образлагач по оваа точка поднесе Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој на почетокот им се заблагодари на членовите на Советот што оваа точка ја ставиле како прва бидејќи четврток е приемен ден на странки и тој има обврска да се врати на работа. Тој истакна дека длуката е резултат на состанокот на градоначалниците со премиерот, министерот за животна средина и претставници на ЗЕЛС, одржан во Скопје пред 2 недели Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, се донесува ваква одлука.Главните причини поради кои се пристапи кон донесување на ваква одлука во сите општини се проблемите со кои се сочуваат општините во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено,нашата општина проценувајќи ја својата финансиска состојба, потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадот согласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во општина Делчево неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Источен плански регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура.

За Североисточниот и Источниот регион регионалната депонија ќе биде во Св.Николе, а претоварни станици ќе има во Берово, М.Каменица, Кочани, Штип, Ранковце и Куманово. Добро е што се изборивме нашата општина да не биде претоварна станица. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Источниот- плански регион е утврдено дека вкупните инвестиции за основање на регионалниот систем за управување со отпад изнесува 26.610.594 евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди поединечно секоја општина, а во таа смисла и Општина Делчево, ќе биде дополнително утврдена во зависност од цената која ќе биде постигната по јавно објаневниот тендер кој ќе биде распишан од Владата на РМ.

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Кирил Тренчевски кој го праша Градоначалникот дали има одредено време кога ќе започне реализацијата на овој проект?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека важно е сите општини на Совет да ги донесат одлуките за основање на регионални депонии, а динамиката на активностите за

започнување на проектот за изградба на регионалните депонии, дополнително ќе биде утврден од страна на Владата на Република Мкедонија. Се надевам дека целиот проект целосно ќе биде реализиран во наредните 2 години, истакна градоначалникот на Општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање со дополнување дека треба да се внесе вкупната сума од 26.610.594 евра.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Источен плански регион.

**Втора точка-Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година;**

Образложение по оваа точка поднесе Анка Христова која рече дека Завршната сметка на Буџетот на општината содржи пропишан преглед на планираните буџетски приходи споредени со наплатените приходи и планираните буџетски расходи споредени со реализираните трошоци на сите сметки. Завршната сметка ги содржи сите елементи што ги содржи Буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници.Од вкупно планираните приходи во буџетот на општината во износ од 258.888.629 денари наплатени се 204.376.439 односно 79% во вкупниот буџет или во основниот буџет од вкупно планирани 89.134.000 наплатени се 67.802.800 или 76%. Во **групата 71-даночни приходи** влегуваат:данок од плати и др.лични примања 1.800.889, даноци од имот -13.356.069 (данок на имот од физ.лица 5.142.934, данок на наследство и подарок 729.063, данок на имот од правни лица 3.065.393, данок на промет на недвижности и права 4.418.679. Во даноците на специфични услуги 15.053.834 влегуваат (комунална такса/фирмарина 1.860.390, ком.такса за јавно осветлување  и негово одржување 9.939.946, комунална такса за користење на простор пред деловен простор-65.779, надоместок за УГЗ/комуналии 2.065.210, комунална такса за користење на површини 5.500, ком.такса за користењ улици 1.103.740, ком.такса за привремен престој 38.144 и др.ком.такси 65.125. Од такси за користење или дозволи се прибрани 1.472.376 денари.

Во групата 72 неданочни приходи се наплатени 1.783.039 денари и тука влегуваат:административни такси кои се плаќаат за списи 428.461, др.владини услуги, приходи од кат.услуги и др.админ.услуги 1.354.578.

Капиталните приходи се наплатени во износ 2.486.949 и во нив влегуваат: приходи од продажба на земјиште 277.921, приходи од закуп на земј.земјиште во сопственост на државата 742.118, надоместок за концесии за минерални суровини 169.312, надоместок за концесии за геолошки истражувања 26.050, надомест за легализација 1.261.111, надомест за легализација на земјоделско земјиште 10.437. Трансфери од други нивоа на власт од буџетите на фондовите и од буџетот на РМ 31.849.644 денари.

Што се однесува на расходите таа истакна дека од вкупно планираните 258.888.629 реализирани се 199.048.137 или 77%, додека во основниот буџет од планираните 89.134.000 реализирани се 66.621.980 или 75%. Платите, наемнините и надоместоците на вработените во општинската администрација и избраните и именуваните лица во општина Делчево, се планирани во износ 22.684.000, а се реализирани во износ 21.155.673 денари. Истите зафаќаат 31,7% во основниот буџет. Во буџетот е предвидена и буџетска резерва во износ од 100.000 денари, а се исплатени 10.000 и тоа по решение на градпначалникот по повод празникот Водици на лицето Сашко Ковачки.

Износот на стоки и услуги во буџетот е планиран на 26.045.000 денари, а се реализирани 21.505.250. Од нив за патни и дневни 490.692 од кои 353.882 во Програмат Д0 се платени за екскурзија на учениците матуранти), комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 4.760.338 денари (материјали и ситен инвентар во износ 2.001.315 денари, поправки и тековно одржување во износ од 4.766.429, договорни услуги 3.219.968,

други тековни расходи 2.081.505 и привремени вработувања во износ 4.185.003.

Субвенциите и трансферите се планирани во износ 2.859.000, а се реализирани во износ 1.280.600 денари (трансфери до ЗГ и НВО 408.600 и трансфери до спортски клубови 555.000. Во разни трансфери од планираните 1.459.000 денари реализирани се 317.000 од кои за стипендии на ученици и студенти 217.000 и разни трансфери 100.000.

Социјални бенефиции планирани се во износ 1.000.000, а се реализирани 764.500 од кои за новороденчиња 313.000 и еднократна парична помош во износ 451.500.

Во капиталните расходи спаѓаат:градежни објекти (станбени и деловни објекти), други градежни објекти (улица, патишта, мостови, пречистителна станица и колектори, депонии, средства за енергетика и др.објекти), купување на мебел, опрема, возила и машини, други нефинансиски средства.

Вкупните капитални расходи во Буџетот за 2017 година се планирани во износ од 36.496.000, а се реализирани во износ од 21.807.673 денари или 60%, во однос на вкупните расходи во основниот буџет, процентот на капиталните расходи е 33%. Од нив за купување на опрема и машини се потрошени 71.414, за проекти за патишта 1.579.416, за изградба на улици и патишта 10.044.195, реконструкција на улици и патишта 9,004.039, изградба на капацитети за водоснабдување 384.792, проекти на други објекти 25.569, надзор над изградба 129.855 и надомест за одземен имот во износ 299.114 и купување на возила 269.279.

Во буџетот на донации од вкупно планирани приходи 21.418.000 реализирани се 5.930.343. Во буџетот на самофинансирачките активности се наплатени 7.014.595 или 43% од вкупно планираните 16.257.000, а во делот на расходите се реализирани 6.474.020 или 40% од вкупно планираните 16.257.000.

На крајот од своето образложениее таа истакна дека во текот на 2017 година, реализирани се следните проекти:

-изградба на пат Делчево-Вратиславци-Очипала во износ 5.449.000;

-реконструкција на улици (В.Прке, М.М.Брицо, 4 Јули, Кирил и Методиј, Рударска, Пере Тошев, М.Х.Јасмин, Кеј на Брегалница, Разловечко Востание, улица во с.Трабовивиште,пешачка патека Илин Камен и др.пристапни патеки (12.296.231+3.946.051=16.2.42.282);

-за изготвување на проекти за улици и патишта 1.816.399 и за

-набавка на опрема 61.625 денари (2 принтери, клима уред, фрижидер и компјутер)

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ" Советот на Општина Делчево ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година.

**Трета точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-раководител на Одделението за финансирање и буџет која рече дека во Годишниот извештај ги има сите податоци како и во завршната сметка само што во него ги има и побарувањата и обврските на Општина Делчево. Со состојба на 31.12.2017 година ненаплатени побарувања по основ на данок на имот се 10.434.397 денари, комунална такса 10.686.959, закупнини 8.265.574 или вкупно 29.386.930. Ненамирени обврски на Општина Делчево према добавувачи се 68.640.920, дел од нив 40.384.166 се обврски по основ на главен долг по судски решенија и износот е без пресметана камата која е голема.

Постојните средства на општина Делчево по набавна вредност изнесуваат 471.998.493, а сегашната вредност е 409.497.455 денари.

Претседателот отвори  расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша колку изнесува вкупниот долг на општината?

А.Христова рече дека вкупниот дплг на општина Делчево  е 68.640.920, дел од нив 40.384.166 се обврски по основ на главен долг по судски решенија, отужени се. Тоа е без каматата која не може да се пресмета точно затоа што се пресметува се до денот на наплатата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ" Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај нха општина Делчево за 2017 година.

**Четврта точка-Годишен план за вработување на општина Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Раководител на Одделението за човечки ресурси кој рече дека овој Годишен план за вработување на општина Делчево за 2019 година се донесува согласно член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/14, 27/16 И 35/18) и член 32 од Законот за административните службеници. На почетокот од образложението тој рече дека до членовите на Советот бил доставен Годишен план кој се уште бил во работна верзија, но истиот бил доставен заради запазување на рокот од 7 дена за достава на материјалите. Затоа Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2019 година кој ви е доставен денес на разгледување има некои мали измени од претходно доставениот. На првата страна од планот има Табела за планирана бројна состојба на крајот на годината или подетално за моментално вработени, планиранаи пензионирања и заминувања во тековната година, планирани нови вработувања заклучно со 31.12. во тековната година и планирана бројна состојба на 31.12. во тековната година. Според Годишниот план за вработувања на општина Делчево за 2019 година моментално се вработени 55 лица од кои 53 Македонци, 1 Турчин и 1 Ром. Во Делот 2 или Табелата 2 се планирани евентуалните движења на кадарот во следната година. Тука е планирано 1 унапредување со објавување на интерен оглас во Одделението за јавни набавки и администрирање со имотот на општината. Работното место е раководител, а истото се планира за поефикасно и поуспешно и поквалитетно раководење на Одделението. Табелата 3 се однесува на планирани испразнување на работни места преку трансфер листа и тука не е планирано испразнување на работно место. Во Табелата 4, од страна 5 па до страна 14, се наведени планираните вработувања и работни места во следната година. Тука се планирани 31 ново вработување кои се планирани врз основа на постојниот Правилник за систематизација на работните места и морам да истакнам дека не значи дека ќе се реализираат сите тие вработувања. Планирани се сите бидејќи можеби ќе се јави потреба од пополнување со некој кадар и затоа ги предвидуваме сите. На крајот од Годишниот план се наоѓа и балансерот којшто се пополнува online. Тоа е се што се однесува до Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година.Доколку имате прашања, повелете, истакна В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека според образложението на оваа точка, во 2019 година Општината планира 31 вработување што значи дека бројот на вработените ќе се зголеми за 60%. Тој праша дали Општината направила анализа имајќи имајќи ја предвид задолженоста на општината, колку би ја чинело тоа, дали има нови простории/канцеларии за тие вработувања и колку средства од граѓаните би се издвојувале за плата на нововработените?

Градоначалникот нха општината рече дека тие 31 нови вработувања се предвидени врз основа на Систематизацијата донесена од претходниот градоначалник. Планирани се како нови вработувања во 2019 година бидејќи доколку не се предвидени јас, како градоначалник, нема да можам да реализирам ниту едно вработување кое не е предвидено

во Планот. Што се однесува до канцеларии, општината има решение, тоа нема да биде проблем.Има општини од рангот на Делчево со по 80-90 вработени. Ние сме сега 55. Доколку се раздвижи економијата и во државата и се покачи стандардот на луѓето, не е страшно ако има нови вработувања. Јас како Градоначалник имам визија да вработам млади и способни кадри од областа на урбанизмот и ЛЕР кои ќе работат за развојот на општината и во интерес на граѓаните, рече Градоначалникот на општина Делчево, Горан Трајковски.

Билјана Ѓеоргиевска праша кои се тие 12 работни места кои се планираат во 2018 година?

В.Мерзликин одговори дека тоа се работните места кои се дадени во самиот план ( од страна 7 до страна 10) и рече дека планираното не значи дека и ќе се оствари во целост, претходниот радоначалник пополнил само 1 работно место иако биле предвидени со Планот.

Б.Ѓеоргиевска рече дека најверојатно претходниот градоначалник проценил дека нема доволно средства за плата па затоа реализирал само 1 вработување.

Претседателот на Советот рече дека на дневен ред е Годишен план за вработување и дека дискутантите треба да се придржуваат на точката на дневен ред и да ги насочуваат своите дискусии во тој правец.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2019 година.

**Петта точка-Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден„-Делчево која истакна дека согласно член 20-б од Законот за вреботените во јавниот, ЈЛБ „Илинден„ изготвила Годишен план за вработување во 2019 година. Истиот план е разгледан и усвоен од страна на Управниот одбор за што е донесена и Одлука за донесување на Годишен план за вработување за 2019 година. Согласно законските прописи истиот план го доставуваме до Советот на Општина Делчево за согласност.

Во ЈЛБ „Илинден"-Делчево моментално се вработени 6 лица, планирано е 1 пензионирање и се планирани 4 нови вработувања. Планираното пензионирање е на работно место библиотекарски помошник, а планираните вработувања се дадени во Табела 6 и се однесуваат на:советник за маркетинг и односи со јавност, советник-главен сметководител и библиотекар-стручна обработка на детска литература и библиотекарски помошник-промоиздавање и библиотечни услуги. На крајот од планот се наоѓа и балансерот, апликација која се пополнува online, истакна директорката на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година.

**Шеста точка-Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов кој исткна дека бидејќи библиотеката нема смеководител тој бил задолжен да ја изготви Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2019 година. Библиотеката има три сметки и тоа:сметка за наменска дотација сметка за сопствени приходи и буџетска сметка. На сметката за наменска дотација во 2017 година се остварени приходи во износ 2.854.552,00 денари, а исто толку се и потрошени и тоа за следните намени:

-нето плати и надоместоци 1.449.545;

-придонеси за социјално осигурување 545.612

-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт 205.415

-материјали и ситен инвентар 71.350

-поправки и тековно одржување 122.457

-договорни услуги 101.269

-други тековни расходи 30.310

-купување на опрема и машини 18.594

-купување на мебел 30.000

-вложување во нефинансиски средства (книжен фонд) 280.000 денари.

На сметката за сопствени приходи се остварени приходи од членарина и тоа во износ 133.960,00 денари, а се потрошени 86.965,00 денари. Има вишок на приходи од 46.995 денари кој е оданочен со 10% данок на добивка.

На буџетската сметка се остварени приходи од 15.998,00 денари и истите се потрошени за обука за библиотекари-разни трансфери.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша за што се потрошени средствата на ставка 426 – други тековни расходи на сметката за сопствени приходи?

Шабан Багашов рече дека тоа се средства кои библиотеката ги собрала по основ на членарина и истите се потрошени за семинари и конференции.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 5 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година.

**Седма точка-Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување.**

Точката ја образложи Сања Димитровска-Книговодител на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево која рече дека СОУ „М.М.Брицо" има 2 сметки и тоа:наменска буџетска сметка и сметка за сопствени приходи. На наменската сметка во 2017 година се остваренин приходи во износ од 26.288.318 денари. Исто толку се и потрошени, односно толку се и расходите. За плати на вработените се потрошени 16.039.188 денари од кои основни плати 14.924.926 и 1.114.262 персонален данок на доход. Придонесите се реализирани во износ 5.933.710, патни и дневни 16.539, комунални услуги 1.593.013, материјали и ситен инвентар 205.907, поправки и тековно одржување 80.041, договорни услуги 2.133.377, др.тековни расходи 110.691, други трансфери 90.000, купување на опрема и машини 72.752 и вложување и нефинанскиски средства 14.100.

На сметката за сопствени приходи е остварен приход од 512.252, а трошоците се остварени во износ 297.041 денари, што значи има вишок од 215.211 денари, салдо кое се пренесува во наредната година. За патни и дневни се потрошени 7.190, за комунални услуги 30.051, за материјали и ситен инвентар 3.730, др.тековни расходи 44.599, разни трансфери 16.232 и вложување во нефинасиски средства 14.994 денари.

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за 2017 година .

**Осма точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Сања Димитровска која истакна дека ООУ „Ванчо Прке"-Делчево која рече дека во 2017 година училиштето работело со 2 сметки и тоа:наменска дотација и сметка за сопствени приходи. На сметката за наменска дотација во 2017 година се остварени приходи во износ од 30.983.409 и исто толку расходи. За плати 19.970.900, за придонеси 7.388.033, патни и дневни 25.799, комунални услуги 1.875.263, материјали и ситен инвентар 166.403, поправка и тековно одржување 420.420, договорни услуги 929.881,00, др.тековни расходи 85.029, разни трансфери 45.000, за опрема и машини 34.725, за мебел 36.956, вложување во нефинансиски средства 5.000.

На сметка за сопствени приходи се остварени приходи во износ 780.737,00 денари од кои се потрошени 643.621. Пренесен вишок на приходи 137.116.

За патни и дневни се потрошени 8.270, за комунални услуги 999, за материјали и ситен инвентар 319.116, др.тековни расходи 44.599, поправка и тековно одржување 5.600, договорни услуги 360.444, др.тековни расходи 28.280, н и вложување во нефинасиски средства 4.646 денари.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој праша за што се потрошени парите на ставка 423, подставка 423410 во износ од 317.616 денари?

Образлгачот објасни дека тука се средствата за кифлите на учениците.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за 2017 година.

**Деветта точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017 година со заклучок за усвојување.**

Образлагач и по оваа точка беше Сања Димитровска која рече дека ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево која рече дека во 2017 година училиштето работело со 2 сметки и тоа:наменска дотација и сметка за сопствени приходи. На сметката за наменска дотација во 2017 година се остварени приходи во износ од 44.164.920 и исто толку расходи. За плати 29.496.825, за придонеси 10.910.172 патни и дневни 34.835, комунални услуги 2.127.403 материјали и ситен инвентар 200.990, поправка и тековно одржување 126.681, договорни услуги 627.893, др.тековни расходи 165.542, разни трансфери 149.890, за опрема и машини 68.196, др.градежни објекти 222.808, за мебел 28.700,вложување во нефинансиски средства 4.985.

На сметка за сопствени приходи се остварени приходи во износ 352.935 денари од кои се потрошени 347.730. Пренесен вишок на приходи 137.116.

За патни и дневни се потрошени 7.922, за комунални услуги 4.885, за материјали и ситен инвентар 56.401, др.тековни расходи 29.320, поправка и тековно одржување 5.600, договорни услуги 9.966, др.тековни расходи 74.406, купување на опрема и машини 34.830, др.градежни објекти 130.000 и вложување во нефинасиски средства 4.646 денари.Салдо за пренос во наредна година 5.205.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата бепе затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017 година.

**Десетта точка-Извештај за работата на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Розета Цонева-ВД Директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево која рече дека Извештајот се состои од неколку дела и тоа:основни податоци, дејност, организациска поставеност, органи на управување, број на вработени и реализирани активности. Основна дејност на претпријатието е собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење, а покрај основната дејност, ЈПКД „Брегалница" ги врши и следните дејности:одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа, расчистување на отпадни води преку канализационата мрежа, собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад, расчистување на диви депонии во градот и руралните населби, изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализациона мрежа, чистење и метење на улици и јавни површини, одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини, одржување на градски зелен пазар, одржување на јавното осветлување и крпење на ударни дупки, прекопи и улици. Што се однесува на организациската поставеност таа истакна дека во ЈПКД има 4 сектори и тоа: Сектор за општи, правни и финансиски работи, Сектор водовод и канализација, Сектор за комунална хигиена и механизација, Сектор паркови и зеленило, градски гробишта и пазар.Во ЈПКД „Брегалница има 85 вработени во редовен работен однос и 3 преку Агенција за привремени вработувања. Секторот за водовод и канализација во 2017 година ги извршила следните активности:отклонети 58 дефекти на главни водоводни линии, извршени 74 интервенции на разводна мрежа, отстранети се 160 дефекти на приватни приклучоци за вода, извршена е замена на 495 неисправни водомери, извршени се 36 приклучоци на нови потрошувачи, како и др.тековни активности. Секторот за комунална хигиена и механизација во 2017 година работел според план и програма за 2017 година. Комуналниот отпад се собира со 3 специјални возила од кои едното во 2017 година со сопствени средсва е репарирано. Собрани се 4800 тони отпад годишно или 400 тони месечно. Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и собирање и транспортирање на отпадот од Баткова Чешма,како и од планината Голак во месец август (ГФС). Во 10,11 и 12 месец извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места, исчистени се и санирани 7-8 мали депонии, како и на депонијата за инертен отпад. Секторот паркови и зеленило во 2017 година го исчистил просторот меѓу зградите Делчевчанка и Брод, на ул. М.Тито (зад Ветеринарна станица), ул. „Македонска", „Пере Тошев" и ул. „Вељко Влаховиќ". Отстранет смет и растителен отпад на ул. Светозар Марковиќ", спој со „Индустриска" и бул. „Македонија", чистење на ендеци и водотеци, чистење на патот кон Голак, чистење на меѓуграничниот простор на граничен премин. Потоа, кроење и уредување на зимзелени украсни дрвја на бул. „Македонија", ул. М.М.Брицо" и „М.Тито". Извршеное хортикултурно уредување и засадување со цвеќе на повеќе локации. Во извшетајот исто така е даден и финансиски извештај и според него ЈПКД „Брегалница" во 2017 година оствари позитивен финансиски резултат во износ 1.425.355 денари. Доколку имате прашања, повелете, истакна Р.Цонева.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која рече дека Извештајот за работата на ЈПКД „Брегалница" го поздравува и се андева дека и во иднина ќе продолжи успешно да работи и да остварува позитивни резултати.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2017 година.

**Единаесетта точка-Завршна сметка на ЈПКД „Брегалница" за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Книговодител на ЈПКД „Брегалница"-Делчево, која истакна дека Годишната сметка на ЈПКД „Брегалница" е изготвена во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во

РМ и истата е поединечна, а валута на презентацијата е македонски денар. Во 2017 година ЈПКД „Брегалница" во своето работење остварила позитивни финансиски резултати и добивка од 1.425.355 денари. Во Извештајот за добивка можете да видите дека во тековната 2017 година како приходи од работењето се приберени 41.361.925 денари

**Дванаесетта точка-Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Маре Бошначка-Книговодител на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, таа истакна дека во 2017 година ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево работела со 4 сметки и тоа:сметка за наменска дотација, сметка на сопствени приходи и 2 донаторски сметки. На сметката за наменска дотација во 2017 година се остварени приходи во износ 8.660.890 од кои 5.138.222 за плати, 1.907.214 за социјално осигурување, 731.841,00 за комуналнин услуги, 182.799.00 за материјали и ситен инвентар, 503.518,00 разни трансфери. На сопствената сметак се остварени приходи во износ 5.662.676, а се потрошени 5.029.154. На оваа сметка има остварено добивка во износ од 633.522 денари.На донаторската сметка 720 010 225 975-12 се остварени приходи во висина од 799.749, а се потрошени 44.468. Вкупната добивка е 755.281 денар. На другата донаторска сметка -27 во тековната 2017 година нема прилив на средства. Инаку од претходна година на ена има 16.026 денари.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша за што се потрошени 616.893 денари од сметката за сопствени приходи?

Маре Бошначка рече дека тие пари се за платите на 2 вработени кои својата плата ја земаат по судски пат.

Сашко Ивановски рече дека му е познат проблемот и праша зошто нивниот проблем не бил решен со добиените согласности во меѓувреме?

За збор се јави и ВД директорката која рече дека од 2008/2009 година па наваму секоја година детската градинка плаќа по 78.000 денари судски трошоци затоа што 2 вработени кои беа примени на работа во детската градинка, а потоа избркани судеа и добија на суд. Во изминативе години никој не се заложи да побара и да добие согласност тие две воспитувачки да бидат вработени на неопределно време и да ја ослободат градинката од тие дополнителни трошоци кои за 1 градинка како нашата се навистина многу пари. Јас лично сум поднела 4 барања до Министерството за транспорт и врски и барам да добијам согласнот за вработување на нив, а исто така барам да најдеме решение и двете да можат да бидат прераспоредени во нивните општини каде што живеат. Речиси 80.000 денари секој месец 10 години се навистина многу пари кои би можеле да се намената за други намени за дечињата во градинката, ама ние како градинка сме приморани да ги даваме по судски решенија. Што се однесува до прашањето зошто статусот на двете воспитувачки не бил решен со добиените согласности, таа рече дека сите добиени согласности се по основ на испразнети работни места (пензионирање, смрт или истек на договор), рече Б.Симовска.

Сашко Ивановски рече дека директорката најверојатно погрешно го разбрала, неговото прашање било дали поголем дел од средствата од сопствената сметка се трошат за плати на 2-те воспитувачки. Моето прашање беше добронамерно, го поставив затоа што ми е познат проблемот со двете воспитувачки,рече тој.

Билјана Симовска рече дека С.Ивановски со неговото прашање директно алудирал на тоа дека проблемот со двете воспитувачки требало да се реши со новите согласности што сме ги добиле и затоа јас така настапив. Јас правам максимални напори да добијал согласноти и за нив и ќе се реши нивниот, а и проблемот на детската градинка, истакна Б.Симовска.

Претседателот на Советот рече дека навистина тоа е голем проблем, запознати сме сите со него и мора да се најде решение за истиот.

Сашко Ивановски истакна дека не е во ред Советот да се става во улога на суд.

Кирил Тренчевски имаше забелешка дека многу се дискутира надвор од точката на

дневен ред, точка на дневен ред е Завршна сметка и треба да се дискутира за неа.

Дијана Јосифовски праша дали во детската градинка е вршена дезинфекција и дезинсекција и која опрема е купена со парите кои потрошени за таа намена во 2017 година?

Маре Бошначка рече дека во детската градинка редовно е вршена дезинфекција и дезинсекција, средствата за таа намена се на ставката за примарна здравствена заштита, а за другото прашање таа рече дека е набавена опрема за во кујна и перална.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2017 година.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образложение по точката поднесе Б.Симовска, ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која рече дека согласно последните измени на Законот за вработените во Јавниот сектор и потребата од измена на Правилниот за систематизација на работните места, се јави потреба од измена и дополување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови". Овие измени и дополнувања беа разгледани на седница на Управниот одбор и истиот донесе Одлука за измена и дополување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови". Пред вас го имате доставено Правилникот со измените и дополнувањата и бараме од вас како совет да донесете Одлука за согласност на овие измени и дополнувања, рече Б.Симовска.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека во член 4 не треба да стои дека со влегување во сила на измените и дополнувањата на овој Правилник, престанува да важи Правилникот 01-84/1 од 19.06.2015 година.

Б.Симовска рече дека тоа е пропуст и ќе биде коригиран.

Претседателот на Советот рече дека забелешката е во ред и дека треба да се смени член 4 во Правилникот и истиот да гласи:**Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, бр.0101-66/1 од 05.03.2018 година е составен дел на Правилникот за организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево бр.01-84/1 од 19.06.2015 година**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката, со измена на член 4 беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која рече дека во Правилникот 01-83/1 од 19.06.2015 година има повеќе измени кои се дадени во материјалите што се доставено до вас. Сите тие измени се усогласени со најновите законски измени на Законот за вработените во јавниот сектор. Исто така во овој правилник има измени кои се однесуваат на нови работни места од кои градинката има потреба:дипломиран психолог, воспитувач на престој на деца од 6 до 10 годишна возраст, како и измени во условите за работното место ракувач на парни котли-хаус

мајстор.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави претседателот на Советот кој рече дека во последниот член од овој Правилник, член 13 има техничка грешка, наместо зборот:„одлука" треба да стои „Правилник".

Б.Симовска се извини за техничката грешка и ја прифати забелешката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката со забелешката во последниот член 13:наместо зборот:„одлука" да стои „Правилник", беше ставен на гласање.

Со Со 8 гласа „ЗА" и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина до 500,00 м1.**

Образложение по точката поднесе Г.Петровски кој рече дека оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација- Проект за инфраструктура за – Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина од 500 ,00 м1.Потребата за Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина од 500 ,00 м1е решавање на проблеми сонерегулирано корито, заштита на крајбрежните објекти и намалување на опасностите од поплави и заштита на градот.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, возводно од регулирано корито во должина до 500,00 м1.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево, низводно од регулирано корито во должина до 500,32 м1;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам кој рече дека станува збор за регулација на р. Брегалница, но низводно во должина од 500,32 м1.

Претседателот отвори расправа по точката.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфрастрктура за Регулација на корито на река Брегалница во Централно градско подрачје на град Делчево,низводно во должина од 500,32 м1.

**Седумнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

За збор се јави

**Сашко Ивановски** кој побара писмен одговор во врска со неколку прашања:

1.Што е преземено од страна на Општина Делчево во врска со решавање на проблемот со кучињата скитници на територијата на општина Делчево?

2. Да се заменат светилките на пешачката/велосипедската патека "Илин Камен" бидејќи на повеќе места не светат!

3.Колку изнесува бруто платата на вработените во општинската администрација Делчево за месец октомври 2017 и месец март 2018 година? Податоците се однесуваат и на вработените преку Агенцијата за привремени вработувања?

**Ванчо Велиновски,до Градоначалник и ЈПКД „Брегалница"-Делчево**

1.Да се заменат улични светилки на ул. „Осоговска" и на други места во градот каде што нема!

**Сашко Јовановски, до Градоначалник и ЈПКД „Брегалница"-Делчево**

1.Дали Општина Делчево редовно добива Информација за квалитетот на водата за пиење, дали редовно се земаат мостри за анализа и од кои места?
Доколку Општина Делчево или ЈПКД „Брегалница" имаат добиено таква информација, истата да се објави на интернет страницата на Општината.

**Славица Димитрова-До Одделение за урбанизам**

1.Да се изготви Одлука за цената на такси превозот во општина Делчево за наредна седница на Совет бидејќи речиси еден месец такси превозниците возат со покачени цени!

**Драган Маневски, До Одделението за урбанизам и ЈПКД „Брегалница"-Делчево**

1. Да се уреди просторот во ЦГП, на ул. Буелвар Македонија" (бр.37, 29, 39, 41, 33, 35) согласно предвиденото во ДУП бидејќи истиот простор е претворен во депонија.

Во врска со ова прашање Г.Петровски истакна дека пред неколку години тој простор бил исчистен со цел да биде оспосеобен за паркинг, но потоа работите престанаа и сега е узурпиран тој простор. Предлогот е добар, согласно планот е предвидено зеленило, ќе му предложам на Градоначалникот и ќе ве информирам

Со исцрпувањето на дневниот ред, 7.седница на Советот заврши со работа во 16.35 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Маневски**